***Автор: МАРТИН ТРЕНЕВСКИ***

ЛОГОРОТ НА СМРТТА ТРЕБЛИНКА



Стотина километри североисточно од од Варшава, главниот град на Полска, во непосредна близина на железничката станица Малкинија, во текот на 1941 и 1942 година се изградени логорите Треблинка I и Треблинка II, чив командант бил воениот злосторник Франц Пол Штанцл.

Веднаш по пристигнувањето на возовите со композиции сточни вагони натоварени со Евреи од цела Европа, осудените на смрт на самиот перон ги делеле во групи мажи. жени и болни. Овие последните на лице место ги праќале "во амбуланта", односно на стратиште каде со куршум во глава по кратка постапка им ги скратувале маките. Здравите мажи ги праќале во Треблинка I што бил работен логор, на останатите им ги шишале косите и ги соблекувала за потоа нацистите да ги водат "на капење" во херметички затворени комори. Пред да влезат во коморите на осудениците на смрт нацистите им давале сапун од пресуван пепел од порано кремираните Евреи, со тенок слој прав сапун направен од мрсното ткиво на убиените. Штом ке ги наполнеле коморите со несреќните Евреи, вратите биле херметички затворани и преку специјалните отвори на плафонот нацистите пуштале отровен гас "Циклон Б" (карбон моноксид) од којшто луѓето умирале за 15 до 20 минути и тоа во најтешки маки! Само за еден час во Треблинка II на овој начин биле убивани до 1.000 луѓе.

Логорот на смртта Треблинка II работел со најголем капацитет од август до декември 1942 година и од јануари до мај 1943 година, кока беа убиени и македонските Евреи. На 2 март 1943 година физичарот д-р Јулијан Кразицки организирал бунт во двата логори

Треблинка I и Треблинка II.

Бегајки пред налетите на Црвената Армија нацистите во ноември 1943 година го уништиле логорот на сметта Треблинка,, ги разрушиле гасните комори, крематориумите и другите објекти во логорот, земјата ја изорале и засеале пченица.

xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx

Се проценува дека најмалку 750.000 лица се убиени во концентрациониот логор Треблинка, меѓу нив и 7.132 македонски Евреи. командантот на логорот Франц Пол Штанцл биол заробен од американските војници, но успеал да избега. Долго време тој работел во Бразил, во филијалатас на автомобилскта фирма Фоксваген. Неуморниот ловец на нацисти Симон визентал успеал да му влезе во трага на тој начин што потплатил еден негов нацистички собоирец со 7.000 долари. Штангл бил екстрадиран на (западно)германските власти, каде бил осуден на казна 20 години затвор. Умрел во затворот во 1971 година.

xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx

Раката на правдата го стигна и првиот човек на отсекот IV B 4 на Управата за безбедност на Рајхот Карл Адолф Ајхман, кому му судеа самите Евреи во името на шест милиони убиени сонародници во Втората Светска војна.

Интересно е дека во киднапирањето на Адолф Ајхман од Бразил учествувал и скопјанецот Даниел Дано Сасон, кој пилотирал со авионот со којшто Ајхман во најголема тајност бил префрлен во Израел. По долгиот судски процес во Израел, овој злосторник бил осуден на смрт со бесење, а по извршената егзекуција и кремирање пепелта од неговото тело била фрлена во Средоземното море за да не остане никаков траг од него!

xxxxxxxxxxxxxxxxxxx

На еврејските жртви во втората светска војна им е посветен голем спомен-комплекс "Јад Вашем" во Ерусалим, каде гори вечен огон. Во него се запишани сите краишта од Европа од каде Евреите биле депортирани во логорите на смртта. На погубените 7132 Евреи од Македонија меѓутоа, им е направена голема неправда: тие во "Јад Вашем" се претставени како "Евреи од Бугарија"!? Веројатно луѓето што го концепирале "Јад Вашем" користеле податоци од картотеките на логорите на смртта каде Евреите биле евидентирани од кој крај на окупирана Европа биле депортирани. Македонските Евреи биле депортирани во Треблинка од делот на нашата земја што бил тогаш под бугарска фашистичка окупација. Ова донекаде може да го објасти пропустот, но никако не може да го оправда затоа што трајно е одбележено името на крвниците кои практично ги испратија македонските Евреи во смрт.